# З А П И С Н И К

Од Заедничката седница на Претседателството на ОО СБМ Ресен и Комисијата за негување на традициите од НОАВМ-Ресен, одржана на ден 29.12.1997 година ( со почеток во 10,оо часот)

Седницата се одржуваше во просториите на Општинскиот сојуз на пензионерите Ресен.

Седницата ја отвори Претседателот на Претседателството на ОО СБМ-Ресен Ѓорги Прцуловски, кој го предложи следниот:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д :

1.Најновите случувања во врска со изработката на Монографијата за Наум Веслиевски - Овчарот ;

2.Формирање на Секција на војните инвалиди од војната при Општинскиот одбор на СБМ-Ресен.

Ваша предложениот ред беше едногласно прифатен без никакви забелешки.

Од кога се констатира дека на седницата има потребен број на присатни ( и тоа : Ѓорѓи Прцуловски, Спасе Томулевски, Димитраки Теговски,Лазе Башевски,Круме Тански, Дорче Кретевски, Јонче Пецалевски,Калија Пупалевски и Александар Крстевски) се премина со работа по точката 1 од дневниот ред.

Претседателот Прцуловски, во уводната дискусија ги информира присутните дека на 23.12.1997 година, по завршувањето на Трибината посветена на 85 годишнината од раѓањето и 30 годишнината од смртта на Пенко Здравковски, во Републичкиот одбор се сретнал со Претседателот Борко Темелковски, потпретседателите Феми Муча, Ќамуран Тахир и Киро Ефремов. Покрај другото разговарале во врска со Монографијата за Наум Веслиевски - Овчарот, која требаше да ја изработи Симовски Тодор од Скопје. Притоа Прцуловски ги запознал како течеа сите активности во Сојузот по ова прашање во последните седум години, и дека се покренати и наши тужбени барања. По тоа ги запозна присутните дека другарите од Републичкиот одбор на СБМ сакаат да се вклучат, да посредуваат со цел да придонесат ако е можно Монографијата што поскоро да биде издадена, за кое предлагаат:

1.) Да се ангажираат сите материјали што од страна на СБ Ресен му се дадени на користење на Тошо Симовски во врска со подготвувањето на Монографијата за Овчарот.

2. Да се ангажираат Симовски да на СБ му ги отстапи сите материјали што ги прибрал или напишал во врска во Монографијата за Овчарот,

3. Да се ангажира Симовски да се откаже од Авторското право во врска со Монографијата за Овчарот,

И до колку се постигне горното, во тој случај, Сојузот на борците Ресен би се откажал од натамошните Тужбени барања и спорења со Симовски, би се откажал од сите исплатени средства со кои го финасираше изготвувањето на Монографијата.

Во дискусијата зедоа учество:

Димитраки Теговски, Јонче Пецалевски, Калија Пупалевски, Дорче Крстевски, Спасе Томулевски, Лазе Башевски и други.

Сите дискутанти се залагаа книгата односно Монографијата по секоја цена дека треба да се изготви и отпечати.

Да се искористи можноста, до колку во Републичкиот одбор на СБМ има некои влијателни личноsти кои би можеле да придонесат Тодор Симовски да ги врати комплетно сите материјали земени од СБ Ресен, што лично ги прибрал од разни извори или нешто што има напишано за споменатата Монографија. Да се постигне спогодба тој да се откаже од авторството, да се задоволи со оние средства кои од СБ му се досега исплатени и ништо повеќе да не побарува.

До колку се согласи со ова што е речено, во тој случај СБ Ресен ќе се согласи да се откаже од исплатените средства на Тодор Симовски и нема да бара кривично да се гони за измама.

Ова се истакна дека би се направило поради Здравствената состојба на Симовски, а и поради интересот на СБ Монографијата да биде издадена во догледно време, за која цел би ангажирала други лица кои успешно ќе го дозавршат трудот.

По исцрпната дискусија се донесе Заклучок:

1. Се согласува РО на СБМ да се ангажира за Враќање од Тодор Симовски сите материјали кои му ги даде ОО СБМ-Ресен на користење во врска со изготвувањето на Монографијата за Наум Веслиевски - Овчарот ;

2. Сите материјали што Симовски ги прибрал или напишал во врска со Монографијата за Овчарот да му ги предаде на СБ Ресен ;

3. Симовски да се откаже од авторството на Монографијата за Наум Веслиевски Овчарот,

4. До колку се исполнат наведените работи од овој Заклучок под точките 1, 2 и 3, Општинскиот одбор на СБМ-Ресен би се откажал

од Тужбените барања против Симовски за враќање на исплатените досега средства некаде околу 6.ооо ДМ, како и Кривичниот предмет за сторено кривично дело "Измама".

Ваквиот став се зазема поради интересот на Боречката организација во догледно време да се издаде Монографијата за Овчарот, а и поради Влошената здравствена состојба на Симовски.

По Точката 2, Претседателството формира : Секција на ВВИ при ОО на СБМ-Ресен во состав:

1. Трајан Ставревски од Ресен,
2. Дафинче Ѓоргиевски од Ресен,
3. Ксте И. Јовановски од Ресен
4. Блаже Б.Котларовски од Ресен ( референт по бор.инв.праш.)
5. Спасе Томулевски од Ресен.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и седницата беше завршена.

Записник водел,
Ѓорѓи Шушевски

Претседател на Претседателство
Ѓорѓи Прцуловски